**Дали знаеш дека Келиме-и Тевхид има услови?**

На прашањето, “Како стана муслиман?“ или “Како влезе во исламот?“, повеќето од нас одговараат, “Рековме ‘Лаилахеиллаллах Мухаммедун Ресулуллах’ и станавме муслимани“.

Потоа, ако не прашаат “Ти, тоа го изговори за да влезеш во исламот, но дали тоа е прифатено од Аллах (џ.ш.)?“, тоа прашање ќе не изненади. Да го образложиме проблемот со еден пример:

Ние клањаме намаз за да го задоволиме Аллах. Намазот, за да ни биде правилен и за да биде прифатен од Аллах (џ.ш.), потребно е да се придржуваме до неговите услови и да се држиме настрана од сето она што го расипува намазот.

Ако сме земале абдест, сме се управиле кон кибла, сме направиле нијет и ако во текот на намазот сме се држеле настрана од сето тоа што го расипува, намазот ќе ни биде правилен. Но, дали е правилен намазот на оној кој не ги исполнил неговите услови и кој во текот на намазот јаде и пие? Се разбира дека тој намаз нема да биде правилен... Исто е и со зборот “Лаилахеиллаллах“. За да биде прифатен овој збор, треба да се исполнат условите, за да биде правилен до последен здив, треба да се држиме настрана од сето она што го расипува. Човекот кој нема да го исполни сето тоа, изговорениот збор нема да му биде правилен, дури и ако безброј пати го изговара.

**Што е тагут?**

Првиот услов за да биде прифатен овој збор е отфрлање на тагутот и дистанцирање од него. Сите пејгамери беа испратени да ги повикуваат луѓето на оваа вистина:

**“Навистина ние меѓу секој народ испративме пратеник (да повикува): ‘правете му ибадет/робувајте му на Аллах и избегнувајте го тагутот’. Некои од нив Аллах ги упати а некои од нив се залутани. Патувајте по Земјата и видете каков беше крајот на оние кои што неверуваа/порекнуваа.”** (16/Нахл, 36)

Аллах (џ.ш.), во еден друг ајет ни укажува дека врзувањето за нераскинливата врска Келиме-и Тевхид е можно само со отфрлање на тагутот:

**“Нема присилување во верата. Вистинскиот пат (јасно) се разликува од заблудата. Секој кој (го отфрли, се дистанцира) не го прифаќа тагутот и верува во Аллах се врзал за нераскинлива врска (Келиме-и Тевхид и го примил Исламот). Аллах е Ес-Семи (слуша се и одговара на молитвите) и Ел-Алим (знае се).”** (2/Бакара, 256)

Нераскинливата врска на исламот е Келиме-и Тевхид. Објаснето е дека човекот за да биде дел од народот на Келиме-и Тевхид и за да има корист од изјавено Лаилахеиллаллах, треба да исполни два услови: Да го отфрли тагутот и да има иман во Аллах (џ.ш.).

Тагут е термин од Кур’ан, во кој се споменува во осум различни ајети. Отфрлањето на тагутот, кој е меѓу најзначајните термини на исламот, била заедничка агенда на сите пејгамбери. (погледни: 16/Нахл, 36)



**Тагутот според Кур’ан**

• Секој извор на културни, верски или политички извори на знаење, кои поставуваат граници надвор од границите поставени во Кур’ан, кои ги водат луѓето од светлината на објавата кон темнината на ќуфрот. (погледни: 2/Бакара, 257)

• Вредности и патишта кои се следат, кои се претворени во идоли, за кои се живее и умира, според кои се одредува пријателството и непријателството, а кои што не се одредени од Аллах (џ.ш.). (погледни: 4/Ниса, 76)

• Личности и институции кои носат закони спротивни на законите на Аллах, и кои ги покануваат луѓето кон нив, како и законите кои ги носат. (погледни: 4/Ниса, 60)

• Сите живи и неживи нешта; на кои им се прави ибадет надвор од Аллах (џ.ш.); кои се сакаат, од кои се има страв, на кои доброволно им се покорувааат како на Аллах (џ.ш.). (погледни: 39/Зумер, 17) Секој кој поверувал во Аллах (џ.ш.), а не ги отфрла тагутите, поверувал во тагут, станал негов роб и го отфрлил Аллах. (погледни: 4/Ниса, 51; 5/Маиде/60)

**Сега, браќа и сестри, да размислиме заедно:**

Колкумина од нас, го разбираат терминот “тагут“?

Колкумина од нас, претходно го слушнале овој збор?

Зошто хоџите, проповедниците од екраните, шејховите и алимите, кои тврдат дека ни ја објаснуваат верата, не ни го објасниле и не ни го објаснуваат овој термин?

На сите народи им беа испратени пратеници да ги покануваат луѓето на оваа вистина, тогаш зошто денешните каначи во верата од нас ја кријат заедничката покана на сите пратеници?

**Тагутот, заедничката покана и порака на сите пејгамбери**

е се на кое му се прави ибадет надвор од Аллах (џ.ш.).

Турбињата, гробовите на кои луѓето им се молат надевајќи се дека ќе им помогнат; парламентите и лидерите кои носат закони со кои не е задоволен Аллах (џ.ш.); идеологиите кои со некои вредности се обидуваат да ги управуваат животите на луѓето; верски личности, кои криејќи ја вистината на исламот, ги измамуваат луѓето; каначите кои ги канат луѓето од светлината на објавата кон темнините на ширкот и спротивставувањето; измислени вредности за кои луѓето живеат и умираат... Сите овие се по еден тагут.

Ова го слушате прв пат, зарем не е така? Штом е така, веќе е дојдено време да размислиме и да го живееме животот според Книгата на Аллах и суннетот на Неговиот Пратеник.

Кога ќе влеземе во кабурот, или кога ќе застанеме пред Аллах, Аллах (џ.ш.) ќе не прашува за Книгата и пораката која ни ја објасни Неговиот Пратеник (сав).

Да не дозволиме некои да не измамат, во името на верата и Аллах (џ.ш.).

Сега, заедно со тебе, да ги анализираме термините илах, ибадет и ширк, чие знаење е наопходно за да го разбереме нашето ветување на Аллах (џ.ш.) (погледни: 7/Араф, 172), и условите на зборот “Лаилахеиллаллах“.



**Знаеш ли зошто си создаден?**

Дали си се запрашал: “Која е причината заради која Аллах ме создаде, заради која ми дава р’зк, заради која одреди целиот универзумот да ми биде од корист, заради која ме одреди за најчесниот од создадените битија?“.

**“Јас, џиновите и луѓето ги создадов само за да ми прават ибадет.”** (51/Зарият, 56)

Целта на создавањето на човекот е тевхидот. Тевхид значи робување на Аллах (џ.ш.) и Негово обединување во ибадетот. Човекот, ибадетите како што се; намазот, постењето, курбанот, треба да ги прави само за Аллах (џ.ш.), животот во целина треба да го живее според шериатот на Аллах, треба да биде покорен само на Неговите закони. (Погледни: 1/Фатиха, 5)

Имајќи во предвид дека тевхидот е целта на постоењето на муминот, неговата “главна агенда“ првенствено треба да биде тевхидот. (Посебно погледни: 38/Сад, 27)

Има само една причина поради која Аллах (џ.ш.) ги создал сите луѓе: само/единствено/искрено правење ибадет на Аллах... Оние кои не му прават ибадет само на Аллах (џ.ш.) или кои покрај Аллах им прават ибадет и на други нешта, ја прекршиле целта на нивното создавање и го прекршиле ветувањето кое му го дале на својот Господар.

**Што е ибадет?**

За да останеме приврзани на целта на нашето создавање, најважно е да знаеме што е ибадет. Ибадет се зборови и постапки кои се прават единствено на Аллах (џ.ш.) и за задоволството на Аллах (џ.ш.).

Намазот е еден ибадет. Аллах (џ.ш.) е задоволен од намазот и сака да се клања намаз, поради тоа на мумините им наредил намаз. Намазот ако се клања само за Аллах, ќе биде ибадет.

Да замислиме дека некој човек ќе рече, “Јас клањам намаз за мајками, таткоми, за мојот работодавач или за државата“. Знаеме дека неговиот намаз не е правилен и дека ибадетот го направил на друг покрај Аллах (џ.ш.).

**Молитвата е еден ибадет:**

**“Вашиот Господар нареди: ‘Молете ми се Мене за да ги примам вашите молитви. Навистина оние кои величејќи се не ми прават ибадет ќе влезат во џехеннем понижени.’ “** (40/Му’мин, 60)

Аллаховиот Пратеник (сав), изговарајќи го овој ајет, рекол:

**“Молитвата е ибадет“** (Ебу Давуд, 1479; Тирмизи, 2969)

Човекот, треба да му се моли само на Аллах (џ.ш.), кога ќе осети тешкотија треба да се надева на помош само од Аллах и само од Аллах треба да бара помош. Бидејќи молитвата е ибадет, а ибадетите се прават само на Аллах (џ.ш.).

**Давање овластување за владеењето на Аллах** (џ.ш.) **е ибадет:**

**“Оние на кои им правите ибадет наместо на Аллах, не се ништо друго освен измислени имиња од вас и вашите татковци. Аллах за нив не ви објави никаков доказ. Само Аллах одлучува. Тој ви нареди освен Нему на друг да не му робувате/да не му правите ибадет. Ова е вистинската вера, но повеќето од луѓето не знаат.“** (12/Јусуф, 40)



Верувањето дека владеењето/одлучувањето/законодавството му припаѓа единствено на Аллах (џ.ш.), и живеењето според тоа, не е луксуз туку е неопходен услов на исламот. Прифаќањето дека владеењето му припаѓа на Аллах (џ.ш.) е поврзано со две работи: робување на Аллах (џ.ш.) и правилна вера. Оние кои овластувањето за владеење му го даваат на Аллах и кои не ги прифаќаат законите надвор од законите на Аллах, тие се робови на Аллах, тие се следбеници на правилната вера. Оние кои, безусловното владеење, покрај Аллах (џ.ш.) го прифаќаат на индивидуа, идеологија или институција, се луѓе кои им прават ибадет на имиња/идеи за кои Аллах нема објавено ниеден доказ. Владеењето; значи законодавството, одредувањето на халалот и харамот му припаѓаат единствено на Аллах (џ.ш.). Давањето на ова право, со зборови и постапки, само на Аллах е ибадет кон Него. Човекот треба да верува дека ова право му припаѓа само на Господарот, и не треба да им го дава ова овластување на парламентите, кралевите или суровите аги кои се натпреваруваат за ова право со Аллах (џ.ш.).

**Го знаеш ли значењето на Келиме-и Тевхид и Келиме-и шехадет?**

**Келиме-и Тевхид**

**Ла:** Нема

**Илахе:** ниту еден бог

**Илла:** (со исклучок) има само еден

**Аллах:** (Тоа е) Аллах.

**Келиме-и Шехадет**

**Ешхеду:** Јас сведочам дека

**Ен ла илахе:** нема ниту еден бог

**Илла:** (со исклучок) има само еден

**Аллах:** (Тоа е) Аллах.

Ние, кога го изговараме Келиме-и Тевхид, првин ја отфрламе божественоста од сите живи и неживи нешта. Изјавуваме дека ништо не е и нема да биде бог. После сведочиме дека божественоста му припаѓа единствено на Аллах (џ.ш.) и дека единствено Аллах со хакк е бог.

Клучниот термин на Келиме-и Тевхид е “илах“.

**Штом е така, што е Илах?**

Илах; значи бог, на кој му се прави ибадет, кој има хакк на ибадет, кој е достоен на ибадет. Ние кога ќе речеме “Лаилахеиллаллах“, всушност сме рекле “Аллах, намазот, курбанот, молитвата и сите ибадети ќе ги правам единствено за тебе. Ти си господар и владетел на целиот универзум. Освен тебе нема да прифатам друг законодавец. Правилно е тоа што Ти ќе речеш дека е правилно, прогрешно е тое што Ти ќе речеш дека е погрешно. Од Тебе доаѓа и користа и штетата. Нешто што ќе ми користи ќе го барам само од Тебе, за нешто од што имам штета само кај Тебе ќе се засолнам. Нема да дозволам ниедно битие да го управува мојот живот. Твоите пријатели ќе ми бидат пријатели, Твоите душмани ќе ми бидат душмани.Целта ќе ми биде само да го стекнам твоето задоволство. За Тебе ќе живеам, за Тебе ќе умрам.“

## Добро, а што е ширк?

**Ширк;** значи да се прави ибадет на друг, наместо на Аллах, или заедно со Аллах (џ.џ.) да му се прави ибадет и на друг. Без разлика кој ибадет се прави, човекот кој прави ибадет на друг освен на Аллах, или ако прави ибадет и на Аллах (џ.џ.) и на друг, или на повеќе битија, тој направил ширк кон Аллах (џ.џ.).

Да ги проучиме ајетите од Кур'ан, кои се однесуваат на оваа тема: Веќе објаснивме дека овластувањето за наредување му припаѓа на Аллах (џ.џ.), и дека давањето на ова овластување на Аллах претставува ибадет. За оние кои ова овластување му го даваат на друг освен на Аллах, нашиот Господар вака вели:

**"Зарем, за она што не е дозволено од Аллах, имаат ортаци/содружници кои за нив носат шериат/закон? Да не беше даден збор (дека казната ќе им се одложи до кијаметот) на нив веќе ќе им беше пресудено. Навистина, насилниците ги чека страшно страдање."** (42/Шура, 21)

Оние кои, тоа што не е дозволено од Аллах (џ.џ.) го претвараат во шериат, кои тоа го озаконуваат во вид на халал-харам, забрането-дозволено, се ортаци ширк на Аллах (џ.џ.). Бидејќи носењето закони, одредувањето на шериатот и законодавството се едни од најодредените особини на Аллах (џ.џ.). (Погледни: 12/Јусуф, 40; 18/Кехф, 26) Аллах (џ.џ.) ги прекорува оние кои го дале овластувањето да се носат закони спротивни на Неговиот шериат, Аллах (џ.џ.) ни објаснува дека оние на кои им е дадено тоа овластување се ортаци/ширк на Аллах:

**"Тие Аллах го напуштија и за свои господари/богови ги прифатија нивните свештеници/рабини, монаси и Месих, синот на Мерјем, иако им беше наредено да му прават ибадет само на еден Бог, освен Него нема друг бог (кој има право на ибадет). Тој е возвишен од оние кои му ги припишуваат за содружници/ширк."** (9/Тевбе, 31)

**Знаеш ли како го објаснил овој ајет Аллаховиот Пратеник** (сав)**?**

**"Аллаховиот Пратеник** (сав)**, изговарајќи го ајетот 'Тие Аллах го напуштија и за свои господари ги прифатија нивните свештеници/рабини, монаси и Месих, синот на Мерјем', дојде Адиј ибни Хатим со сребрен крст на вратот, кој во џахилијетот беше христијанин. Рече: 'Тие не им правеа ибадет на свештениците/рабините и монасите'. Аллаховиот Пратеник** (сав) **му рече: 'Ним свештениците им го забранувале халалот (дозволеното) од Аллах, а им го дозволувале забранетото (харамот) од Аллах. Тие тоа го прифатиле. Тоа е нивниот ибадет кон нивните свештеници'.** (Тирмизи, 3095; Tefsîru İbni Ebî Hâtim', 2/1784, пренесувања со броеви 10057-10058)

– Ајетот и тефсирот на Пејгамберот (сав), укажува дека единствено Аллах го одредува халалот и харамот, забранетото и дозволеното, легалното и нелегалното. Ова е така, бидејќи Тој е "Ер-Рабб".
Рабб; значи оној кој воспитува, кој уредува, кој управува. Аллах (џ.џ.), со законите кои ги објавува, ги воспитува луѓето, ги уредува општествата.

– Алим, интелектуалец, абид, парламентарец, водач или поглавар на племе… Оној кој ова овластување ќе му го даде на кој и да е од нив, него го прифатил за рабб.



Објаснивме дека молитвата е ибадет кон Аллах (џ.џ.). За оние кои им се молат на други, за кои веруваат дека се светци, за кои се верува во нивната духовност, се верува во нивните гробови и турбиња, нашиот Господар вака ни вели:

**"Правилната молитва е кон Аллах. Ако се молат на други покрај Него, тие (другите богови) не можат да им ги исполнат молитвите. (Тие што се молат на други богови покрај Аллах) наликуваат на некој кој ќе ги испружи двете раце кон водата за таа да му дојде во уста. Но (водата) никогаш нема да му дојде. Молитвите на ќафирите (на други богови а не на Аллах) се безвредни/ништо друго освен залутување кое ќе исчезне."** (13/Ра'д, 14)

**"Тој прави ноќта да премине во ден, и денот да премине во ноќ. Тој направи сонцето и месечината да се потчинети на неговите наредби, секое се движи во одереден правец до одредено време. Еве ова е вашиот Господар, Аллах. Сето владеење му припаѓа само Нему. Оние на кои им се молите покрај него, не поседуваат ништо, дури ни колку тенката обвивка на урмината семка. Ако ним им се молите нема да ги слушнат вашите молитви. И да ги слушнат не можат да ви одговорат. На денот на кијаметот ширкот ќе ви го негираат. Никој не може тебе да те извести освен Ел-Хабир (Тој што е известен за се)."** (35/Фатир, 13-14)

**"Внимавајте (Знајте)! Чистата/искрената вера е само на Аллах. Оние кои прифаќаат за заштитници други освен Него (велат): 'Ние ним им правиме ибадет за да не доближат/приближат до Аллах.' Аллах, меѓу нив ќе пресуди за тоа што за него не се согласуваа. Навистина Аллах нема да го упати на вистинскиот пат оној што е лажго и ќафир."** (39/Зумер, 3)

Во основата на ширкот постојат размислувањата како "далечен Аллах" и "грешен човек": "Кои сме ние за директно да му се молиме на Аллах (џ.џ.)?", "Гревовите ни се толку тешки, па како со овие валкани усни да бараме од Аллах?". Ваквото безбожничко размислување го потикнува човекот да бара "посредник кој ќе го приближи до Аллах (џ.џ.)". (Погледни: 2/Бакара, 186; 5/Маиде, 35; 34/Себе, 22-23; 39/Зумер, 43; посебно погледни 6/Ен'ам,14)

Ако забележа, Аллах (џ.џ.) ни објави дека оние кои им се молат на други им прават ибадет на тие битија; дека тие постапки се ширк и дека тие што го прават тоа се ќафири лажговци.

Не заборавај дека правењето ибадет на друг освен на Аллах (џ.џ.) е ширк и ширкот е најголем зулум. Послушај го советот кој Локман (а.с.) му го дал на синот:

**"Локман, советувајќи го синот, му рече: 'Сине мој мил! Не му припишувај ортаци на Аллах; бидејќи припишувањето ортаци (на Аллах) е најголем зулум' "** (31/Локман, 13)

Ако му припишуваш ширк на Аллах (џ.џ.), сите твои дела ќе обезвреднат и на двата света ќе бидеш меѓу губитниците.Послушај го предупредувањето на Аллах (џ.џ.) кое им го објави на сите пејгамбери:

**"Навистина тебе и (на пратениците) пред тебе им беше објавено: 'Навистина ако му припишуваш содружници (на Аллах) сите дела ќе ти бидат безвредни и ќе бидеш од губитниците' "** (39/Зумер, 65)



Прошката, милоста на Аллах (џ.џ.), и покрај тоа што опфаќа се што постои, доколку му припишуваш ширк ќе бидеш изземен од оваа убавина:

**"Аллах никогаш нема да прости ако му се припишуваат ортаци. Тој, кому сака, му ги простува другите гревови (освен ширкот)…"** (4/Ниса, 48)

Ако умреш без да се покаеш, Аллах (џ.џ.) единствениот грев кој нема да го прости е ширкот. Простувањето на другите гревови, покрај ширкот, зависи од вољата на Аллах (џ.џ.). Ако сака ќе ги прости, ако сака нема да ги прости.

Ширк претставува сето она што од исламот е прифатено како ибадет а кое се прави на друг наместо на Аллах, или давање на некоја од особините на Аллах (џ.џ.) на друго битие. Постојат повеќе видови ширк. Ширк во сакањето (погледни 2/Бакара,165), ширк во покорноста (погледни 9/Тевбе,31), ширк во молитвата и ибадетот (погледни 7/А'раф,37; 10/Јунус,106), ширк во законодавството (погледни 18/Кехф,26; 42/Шура,21), ширк на прифаќање идоли на некои битија заради зближување на општеството (погледни 29/Анкебут, 25)…

Покрај доказите кои погоре ги набројавме, оној кој му припишува ширк на Аллах (џ.џ.), ја изјавил најголемата лага за Аллах (џ.џ.) и го направил најголемиот зулум. Поради тоа сите дела ќе му бидат безвредни и за него ќе биде забранет џеннетот:

**"Навистина оние кои велат: 'Аллах е синот на Мерјем, Месих' станале ќафири. (Иако) Месих им имаше речено: 'Еј потомци на Израел! Правете ибадет на мојот Господар и вашиот Господар Аллах. Кој ќе му припишува ортаци на Аллах, за него Аллах ќе го забрани џеннетот, и тој ќе престојува во огнот. На залутаните никој нема да им помогне.' "** (5/Маиде, 72)

**Значи ние тебе на што те покануваме?**

Тебе те покануваме во Ислам, која што е вера на сите пејгамбери, која е единствената вистинска вера во Аллах (џ.џ.).

Тебе те покануваме во неизмешаниот, чистиот тевхид, во кој се верува чисто во Аллах (џ.џ.), во кој му се прави ибадет само на Аллах (џ.џ.) и на никој начин Нему не му се припишува ширк.

Тебе те покануваме кон народот на Ибрахим (а.с.), во отфрлање и дистанцирање од сите тагути; во робување само на Аллах (џ.џ.), во усмерување на сета љубов, стравови и надежи кон Аллах.

**Тебе те покануваме во џеннетските градини кои се престојувалиште на прошката и сигурноста на Аллах** (џ.џ.)**.**

Предавања за Тевхид
Списание Тевхид
Тевхид превод
Тевхид Книга



# ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИШ ЗА ДА ИМАШ КОРИСТ ОД ЗБОРОТ ЛАИЛАХЕИЛЛАЛЛАХ